**Оригинален труд**
**UDC 821.163.3'04**

# ДЕМОКРАТИЗАЦИЈАТА НА ЖАНРОВИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА СРЕДНОВЕКОВНА ЛИТЕРАТУРА (ПРИЧИНА И ОСНОВА ЗА КНИЖЕВЕН РАЗВОЈ)

**Маја Јакимовска-Тошиќ**
*Институт за македонска литература, Скопје, Македонија*

**Key words:** Democratization, Genres, Macedonian Medieval Literature, literary development**,** literary and cultural model

**Summary:** The study is following the process of democratization of genres in Macedonian medieval literature especially from the period in the late Middle Ages. The most typical features of the medieval literature in Macedonia are presented here; an attempt is made to determine the characteristic literary and cultural model. There are certain features evident with the process of democratization in medieval literature: the style of the production of medieval type of literature, the primary literary component of the literature, the expressed diversity of genres in the literary system, and the literary connection with the South Slavic literature as a whole.

The procedure of the additional systematization of the literary works is necessary in order to determine the genre development of the medieval Slavic literature. By the application of the procedure a greater overview of the literary works is provided in the specific literary genre frame, as well as their typology based on the specification of their distinctive structural, contextual and functional features. An overview of genres in the old Slavic literature is provided in this study, which emerges from the need to determine the most typical features as a distinctive phase of the specific medieval literary genre in the process of their democratization.

Средновековната книжевната продукција во себе ги содржи карактеристичните одредници на литература од средновековен тип, од гледна точка на филозофските, идеолошките, структурните, стилско-изразните и естетските критериуми. Нејзините филозофско-естетски концепции и понатаму претставуваат израз на религиозните сознанија на средновековните автори. Ова е сосема разбирливо ако се земе предвид дека оваа литература низ средновековието се развивала во идејно-уметничката сфера на византиската цивилизација, која заедно

со кирилометодиевското наследство, одиграла пресудна улога во развојот на севкупниот културен модел оформуван во продолжителен временски период кај јужнословенските православни народи од IX до XVIII век. Заедничката религија била во овој случај дури и поважна од заедничиот книжевен јазик и блискоста на националните јазици, бидејќи оваа заедница ги вклучувала и несловенските народи: Грците и Романците. Меѓутоа, би било сосема погрешно да се смета дека таа заедница постоела само во сферата на црковната литература; за нив заеднички биле и такви световни остварувања од типот на „Александридата“, „Романот за Троја“, „Физиологот“, хрониките и др. Во литературата се согледува развој и на оние световни елементи што во неа веќе биле традиционално застапени: преку историско-летописната и патописната литература. Заради тоа велиме дека световниот карактер на средновековните словенски литератури, во чиј состав се наоѓала и македонската, се формирал постапно, а преминот се одигрувал некаде од средината на XIII век (согледливо низ содржината на Драголевиот зборник), понатаму во XIV и особено во XV век (преку зборниците со мешовита содржина и подоцна со дамаскините), за да го доживее својот најширок замав во текот на XVI и низ целиот XVIII век.

Во средниот век секоја наредна епоха претставува надоврзување на достигнувањата на книжевните дејци од претходните столетија, кои во своите дела искажуваат одредено образовно рамниште, во согласност со културниот развој на дадената епоха. Во стремежот да се сочува наследството од претходните периоди се согледува **континуитетот** на средновековната книжевна продукција. Историски погледнато во развојот на јужнословенската литература и култура, а во нејзин состав и на македонската, особено од периодот на XIV век, па некаде до средината и крајот на XVIII, со поголем или помал интензитет, се согледува процес и обид за надминување на строгите средновековни уметнички форми и на средновековната мисла воопшто (Динеков, 1982: 253). Во книжевната продукција на посочените периоди, која во својата основа и понатаму е строго црковна, почнуваат да продираат световни творечки претстави изразени преку жанровските форми на историско-летописните, белетристичките и апокрифните текстови, патописната литература, како и преку впечатливите пообемни записи, во кои современиците претставувале настани од историската реалност. Овие појави зборуваат за започнатите процеси на своевидна **демократизација** на средновековната литература. Ваквата „демократизација“ се пројавува како во идејно-тематски однос, така и во доменот на развој на средновековниот жанровски систем и поетиката на текстовите воопшто.

Она што е значајно за новите тенденции во литературата е нејзината димензија на историски извор, независно од ограничувањата кои произлегуваат од тематската и од жанровската природа на средновековната книжнина. Нови елементи на реалистичното се наоѓаат во непосредна врска со општата демократизација на книжевноста (Динеков, 1963: 76-88).

Во споредба со културниот развој на западните европски и на западните словенски народи, јужнословенските народи во услови на османлиската доминација, изолирани од културниот свет, својот културен развој и натаму ќе го остваруваат во сферата на веќе иживеаната византиска традиција. Тоа е сосема разбирливо кога се зема предвид дека христијанската вера, во својот особен, византиски вид, со векови претставувала не само за Грците, туку и за Јужните, па и за Источните Словени најголема светост, и во условите на турска власт била израз на нивната културна и национална самосвест (Острогорски, 1992: 689). Влијанието на православната црква и на нејзината теолошка догматика и натаму била во основата на книжевното творештво. Литературата со своите интерпретации од областта на мисловните процеси, остварила богат сопствен изглед со богословска и чисто филозофска нагласеност, секако под директно влијание на византиската христијанска мисла (Татакис, 1998: 385). Сепак, старата јужнословенска литература не може да се согледува само како преработка или прилагодување на византиската литература, туку како изворно создавање во рамките на византиската поетика и на другите законитости на византиската естетика (Трифуновић, 1995: 15). Од друга страна, и во индиректен допир со западниот свет, православната традиција како директен наследник на византиската духовност, често се наоѓала пред тешкотиите што го наметнувало двоумењето при присвојувањето на елементи од двете цивилизации. Притоа, ниеден православен народ не се откажал од своето византиско предание, од трајното влијание на византиската христијанска мисла и византиската средновековна филозофија. Затоа, на турската воено-феудална моќ можело да и се спротивстави пред сè такво општество, кое може да ги обнови своите најдобри културни традиции од минатото, а не општество кое би се градело врз основа на нови начела и кое во тоа време го започнувало својот историски живот во Европа. Благите ренесансни продирања, во наши услови, можеле само да ги навестат првичните противречности во феудалниот поредок, но тие немале сила да предложат ново општествено уредување, кое би ги издигнало општествените сили во спротивставувачка позиција кон моќниот агресор (Георгиев, 1973: 98). Затоа, во јужнословенската средното-

ковна култура можеме да зборуваме само за присуство на извесни ренесансни елементи, бидејќи попатно и таа се допирала до големите достигања на европската ренесансна мисла и искуство. Токму тие биле предвесници на новите демократски тенденции и начела во западните литератури. Во услови на целосна изолираност, ренесансните проблесоци во периодот на XV век толку карактеристични за западниот свет, во балканската култура ги согледуваме како осамени елементи појавени во некои облици и ликови во архитектурата и фрескоживописот, или, пак, во одредени стилско-изразни појави и творечки постапки.

Она што е една од одликите на ренесансната епоха е создавањето на силно **тенденциозна** литература. Во наши услови, тенденциозноста во литературното создавање е насочна во правец на обединувањето на сите православни Словени врз основите на традиционална црква и воопшто врз основа на христијанската религија. Притоа, црквата и христијанството преземале големи задачи во одбрана на верските и на народните интереси во околности на инороден и иноверен поробител.

Во условите на феудална криза, појавена уште во XIV век, се јавува криза и во феудалната идеологија, која претставниците на официјалната христијанска мисла настојуваат да ја надминат со широка духовна дејност, преку внесување на новини во богословската и филозофската практика, што од друга страна доведува до остри идејни спорови. Сите овие процеси придонесувале за раздвижување на жанровскиот систем и преку појавата на нови книжевни облици – за негова демократизација. Ваквите конфронтации се забележуваа на релација митски експресионизам, претставен во исихазмот, и рационализмот, кој влегува во основата на варлаамството. Како резултат на спојот на идејните тенденции на митскиот експресионизам и рационализмот, на наш терен, уште во XIV век, се потикнале развојните елементи на хуманизмот и ренесансата. Ренесансните форми на цивилизациските текови биле претставени во учењата на варлаамистите, кои новите рационалистички методи на набљудување и на расудување ги носат токму од Запад. Бидејќи ваквите идејни тенденции повеќе ѝ одговарале на римокатоличката догматска мисла, варлаамството било поразено во идејните спорови на Исток, што се одвивале на повеќе црковни спорови, речиси до крајот на XIV век. Варлаамството кое се стреми да даде повеќе простор на човечката мисла е поблиску до ренесансата во споредба со исихазмот, кој пак, од своја страна, во отпорот против кризата на феудализмот и на официјалната црква е поблиску до Противреформацијата, која има

тенденција да ги востанови правата на традиционалната црква. Сепак, новите развојни тенденции во книжевноста, потикнатти од рационалистичките појави, наоѓаат свој пат и свој израз и во наредниот период, а нивното влијание се бележи на планот на збогатување на мотивските сводови, во доменот на трансмисија на жанровскиот систем и на негово збогатување со нови белетристички творби или неканонски состави, како и во однос на развојот на критичкиот метод (Велев, 1996: 391). Овие појави зборуваат за започнатите процеси на своевидна **демократизација** на средновековната литература.

Голем број од текстовите создадени во периодот од XV до XVII век, се јавуваат како плод на традицијата, но, во нив се согледуваат елементи (историски, белетристички, патописни, фантастични), пројавени како резултат на нејзиниот развој, и на развојот на жанровскиот систем во целина. Сите овие пројави во книжевните состави го надминувале степенот на дотогашните традиционални творечки искуства, а дел од нив можат да се третираат како предренесансни појави во книжевноста и во уметноста (Лихачов, 1973: 94-96). Уметничкото видување на авторите од овој период, во извесна мера се насочува кон индивидуалните доживувања на личноста и субјективизација, што секако претставува новина во однос на дотогашните интерпретации, кои изразуваа колективни чувства. Во содржината на текстовите веќе навлегува емотивниот израз, со истакнување на внатрешното доживување на ликовите, со потсилување на експресивноста во излагањето и сл. Во проникнувањето на индивидуализмот, експресивноста, интересот кон историската реалност, а од друга страна навраќањата кон вредностите од антиката и доближувањето на старословенската ортографија, графика и јазик до грчката, можно е да се проследат ренесансните елементи во книжевните процеси во XV век, кои за жал во нашата средина ќе бидат застапени во многу помал и понаков облик. Така, ренесансните форми во западните книжевности имале свој идентитет, а мерено со нивните критериуми појавите во византиската, јужнословенската и руската книжевност добиваат поинаква природа и рефлекс. Овие ренесансни елементи, во јужнословенската средина сè уште имаат во голема мера религиозен карактер, а нивните проблесоци се развиваат во рамките на религиозната мисла и религиозната култура. Во литературата одделните пројави од типот на: изнаоѓање нови развојни патишта во однос на тематските, стилско-јазичните и идејните категории поразлични од традиционалните искуства; оформување на критички модели и свртување кон современоста; или процесот на трансмисијата на жанровскиот систем, во нашата средина се доживуваат како зародиш

на ренесансни погледи и восприемања на светот, а тоа води кон општа демократизација на литературните жанрови.

На еден таков начин книжевноста од овој период не ја доживуваме како затворен систем, туку таа во себе внесува нови категории кои ги одредуваат литературните карактеристики и вкусови на епохата. Овие нови категории ги согледуваме во доменот на пројавеното жанровско-тематско разнообразие, како и во продорот на световните елементи, што претставува нова развојна линија во книжевниот живот од XV до XVIII век.

Белетристичките текстови од преводно или од оригинално потекло во облиците на разновидни книжевни жанрови, главно претставени преку популарните средновековни романи, раскази и повести, помасовно го навестуваат продорот на световните елементи во јужнословенските средновековни литератури. Содржинските форми на познатите романи, раскази и повести се распространувале со дополнувања, скаратувања и адаптации во согласност со современите толкувања, карактеристични за локалните средини. Настапува периодот кога световните содржини се стекнуваат со можноста за послободна интерпретација на теми од историјата, од секојдневието, како неопходно освежување на средновековните книжевни содржини. На еден таков начин се врши надополнување на теолошката и на културолошката сфера од актуелното живеење.

Развојот на текстуалните и на структурните нивоа зависел од општите жанровски норми на актуелната книжевна ситуација. Искуството, пак, на словенските книжевници во разновидните пројави (оригинални состави, компилации, преводи, обработки), соодветствува на културниот и на општествениот развој карактеристичен за јужнословенските народи од балканскиот културно-политички простор во средновековниот период. Оригиналните книжевни состави ја следеле еволуцијата на творечките зафати, со што се постигало рамноправно вклучување во официјалниот систем на канонската книжнина. Во текот на нивниот еволутивен развој се согледува еден нов момент во творечката постапка применлива во оригиналните состави. Имено, нивната основна естетска, тематска и изразна компонента станува нагласено книжевна. Составите се доживуваат како поприемчливи и содржат поинтензивен рефлекс на доживеана импресија. Во голема мера вниманието се свртува кон индивидуализацијата на хероите, чии ликови се доловени преку засилен емотивен израз со нагласена експресивност во излагањето. Ваквите новини особено се согледливи во доменот на житијниот жанр и на ораторско-прозните текстови, како и во историско-летописните

состави, коишто ги опфаќаат следните аспекти на излагањето: проширена интерпретација, зголемена емоционалност, свечен патетизам, експресивност, апстрактен психологизам, богата синонимија, како и употреба на разновидни стилски средства (епитети, споредби, цитати од Светото писмо, симболи и сл.) (Лихачов, 1960: 138). Така, според Д. С. Лихачов, овие новини во литературниот стил, поврзани со духовните потреби на времето, можат да се определат како белези на „источноевропската предренесанса“, кои од својата страна нудат сериозна основа за демократизација во севкупните книжевни процеси.

Преку овие процеси на демократизација во кои се согледува преминот од стара кон нова литература пред нас се отвораат различни видови литературна продукција и различни видови на книжевен развој, кој се одвивал низ еден извонредно долг проток на време. Нерамномерниот карактер согледан во развојот на средновековната литература во периодот од X до XVIII век, отсутност на општо движење во книжевноста, забрзаниот развој на едни и успорениот развој на други жанрови, практично е причината за забележителниот скок кон крајот на XVIII век кон нова структура во литературата. Меѓутоа, попрецизно утврдување на крајот на времетраење на старата литература, може да се согледа само врз основа на согледување на карактерот и на природата на самиот крај. Историографската врска ја немала силината на токот кој би довел до влевање на старата книжевност во нова. Според тоа, она што во книжевната историја се нарекува преоден период, никако не може да биде долг процес на претопување или на влевање. Преодниот период е период на гасење на старата традиција, па според тоа станува збор за противречна епоха на постепено одумирање на старата и раѓање на новата литература. Се разбира не во еволутивна смисла израснување на новото од старо, туку во значење на напореден тек на старата традиција и постанокот на новата. (Трифуновић 1995: 68). Тој премин од стара во нова структура не е лесно да се опфати временски. Пресвртот бил нерамен и долг, линијата на преломот извонредно нерамна (Лихачов, 1972: 25).

Жанровите на новиот тип никнувале во крилото на стариот жанровски систем и постоеле напоредно со жанровите од средновековен тип. Една од особините на структурата на старата словенска книжевност била што таа никогаш не била целовита и постојана. Во периодот на XVII-XVIII век се забележува единство на книжевниот развој само во доменот на т.н. демократска литература. Знак за рамномерност на книжевниот развој, на негова „нормалност“, е појавата на развиена историска свест, свест за тоа дека книжевноста се развива, дека постојат стари и нови епохи. Така, кога делото живее

неколку векови и се преработува безброј пати во согласност со барањата на епохата, невозможно е да продуцура историски однос кон самото дело. Делото постои и тоа за читателот е доволно. Притоа, тешко се увидува дека тоа настанало во друга историска епоха. Но од свеста дека делото е пишувано во друга епоха до свеста за тоа дека стилот на делото припаѓа на друга епоха, минало доста време. Разликите во стилот се доживувале на жанровско и индивидуално ниво. Дури кога свеста на читателот, авторите и нивните дела ги подредува во хронолошки редослед, тоа е знак дека се појавила свеста за историска променливост на литературните процеси, а тоа значи дека развојниот процес на книжевноста почнал да се одвива низ една поширока платформа. Овие процеси се следат дури од втората половина на XVIII век, кога се појавува книжевноисториска самосвест за литературните процеси. Книжевноста влегла во единствен ток на развојот и дефинитивно почнала да ја менува својата структура, што во македонската литература се бележи со забележливите романтичарски проблесоци кон средината на XIX век. Како значајни фактори ги бележиме промените на односите во општеството, практично промените кои ги креирале условите во кои се одвивало уметничкото создавање воопшто. Со слабеење на средиштето на моќта, на Цариград - како центар на политичката и на духовната власт, со постепеното намалување на аворитетното влијание на црквата, сè повеќе до израз доаѓала и естетската функција на уметничкото дело. Тоа зборува и за појавата на книжевните правци за што биле потребни предуслови согледани во: зголемување на бројот на жанровите и свесноста за нивните книжевни, а не само практични функции, прифаќањето на народниот јазик како посебен книжевен стил, стабилизација на текстот на книжевното дело, појавата на елементи на книжевна критика, полемички текстови кои се однесуваат на дневнополитички актуелности, појава на професионални писатели (Јосиф Брадати, Христофор Жефаровиќ) и сл. Затоа и се зборува за појава на една демократска книжевност во нашата литература во XVIII век, која веќе свесно се наслонила на народниот јазик и на постоечките административни документи, и која ваквите тенденции ги преобразила во еден вид книжевен стил. Борбата со теолошкиот симболички систем траел во старите словенски книжевности без прекин сè до крајот на XVIII век. Конечно ослободување на книжевноста од апстрактната теолошка мисла можело да се случи дури по победата на световното начело во литературата. Таа борба била поуспешна во демократската и прогресивната книжевност, а помалку успешна во канонската, црковна литература. Ваквите пројави зборуваат за нови естетски вкусови и

ориентации во културниот живот на времето, во кое се бележи одбегнување на строго теолошките и филозофските доктрини, аскетските размисли и канонските догми. Тоа е доказ за појавата на нова линија во средновековниот културен и книжевен живот, одразен во стремежот за промена и збогатување на жанровско-тематската структура преку посилниот пробив на световните и демократските начела во средновековната книжнина воопшто.

Иако системот на почитување на книжевните канони се задржал во средновековните словенски литератури во продолжение на неколку векови и се согледува како причина за успорување на книжевниот развој, тој никогаш дефинитивно не ги потчинил развојните книжевни процеси. Постапките и обидите за внесување на световни, реалистични, експресивни, актуелни, индивидуални, ангажирани и едноставни нови елементи, воделе кон постепено нарушување и надминување на традиционализмот на книжевните канони и до евидентна демократизација во книжевните процеси.

**Литература:**


Велев. Илија. 1996. *Македонскиот книжевен XIV век*, Скопје, 1996.

Георгиев. Емил. 1973. Разцветът на българската литература през XIV-XV век. Характер и значение, *Българската литература в общславянското и общеевропийското литературно развитие*, София.

Динеков. Петър. 1982. Българската култура през XV-XVII век, Литература и култура, София.

Динеков. Петър. 1963. Към демократизация на изобразителния стил в старата българска литература. *Литературни въпроси*, София.

Лихачов. Д. С. 1960. Некоторые задачи изучения второго южнославянского влияния в Росий, *Иследования по славянскому литературодений и фолклористике,* Москва.

Лихачов. Д. С. 1972. *Поетика старе руске књижевности*, Београд.

Лихачов. Д. С. 1973. *Развитие русской литературы X-XVII веков*, Ленинград.

Острогорски. Г. 1992. *Историја на Византија*, Скопје.

Татакис. Василиј. 1998. *Историја на византиската филозофија,* Скопје: Култура.

Трифуновић. Ђорђе. 1995. *Стара српска књижевност. Основе*. Београд.